

# *ПРВИ СТАПИКИ ВО* ХРИСТИЈАНСКОТО УЧЕНИШТВО

*Полн циклус со лекции*

**Национална кампания за четене на Библията**

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

Macedonian - First Steps in Christian Discipleship 10-14

## Сега јас сум ученик на Исус Христос

Да почнеме од тука . . .

Исус ѝ заповеда на црквата: „Така одејќи, направете ги сите народи мои ученици ... Учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал!“ (Матеј 28: 19-20) Црквата може да ги поучува само оние, што сакаат да бидат поучени и да станат ученици. Секој сам треба да реши дали ќе Го следи Исус Христос и ќе биде вистински ученик, или ќе му е сеедно и одново ќе ги побара светските патишта. Одлуките, што ги донесувате сега, веројатно ќе определат дали ќе го живеете останатиот дел од својот живот во радост од победата во Господа, или ќе живеете со мислата за својот неуспех, сринати од грозната егоцентричност. Таа книга ви дава една добра можност да започнете еден добар живот како следбеник на Исус Христос и како Негов верен и радосен ученик.

Секој нов христијанин има потреба да биде поучуван. За жал мнозина, кои се верници многу години, велат дека немало кој да ги поучува лично. Учењето на овие страници со други верници ќе биде за вас еден почеток на вашето учениште, што ќе ви биде од огромна полза. Од сега па натаму вие ќе се учите и ќе служите како ученик на Исус Христос преку целиот живот.

Можете да се вклучите и во други форми на Full Circle Discipleship за изградување на вашиот карактер како ученик: лично или семејно изучување, предложени од Националната кампања за читање на Библијата, неделно изучување во пријателски круг, личен развој како член на ROCK, и запишување во Библиско училиште (институт) на црквата. Другиот начин е да се вклучите во неделното училиште на црквата. Кога започнуваме да се учиме добро е да помниме, дека малу се оние христијани, кои растат во ученичтвото без редовно посетување на црква и без да бидат вклучени во некаво служение кон црквата или црковната мисија.

Сега треба да одлучите да станете активен ученик на Исус Христос. Кога ќе завршите со оваа обука, вие ќе треба веќе да одите по патот на победоносното учеништво во познавање и служба на Исус Христос, нашиот Господ.

Еден совет за мудрите: Во следните странци ќе цитираме важни Библиски стихови. Ќе споменуваме различни библиски книги, глави и стихови. Тоа е потребно за едно вакво изучување, но секогаш постои една опасност, зашто стиховите можат да бидат толкувани погрешно ако ги извадиме од нивниот контекст. Затоа е добро секој читател, после крајот на часовите, да го прочита внимателно секој еден стих заедноc со контекстот пред него и после него. По таков начин не само што ќе се осигурате од опасноста да се заблудите, но и ќе започнете да ги разбирате самите текстови многу подобро. Освен тоа, ќе го повторувате тоа што сте го научиле по време на часовите и ќе свикнувате со Библијата.

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

## СОДРЖИНА


**Лекциии пред крштението**

| | | |
|---|---|---|
| **Прва стапка** | **Како да постанам ученик на Исус Христос?**<br>*Како да се спасам* | 1 |
| **Втора стапка** | **Да Му се доверам на Бог**<br>*Сигурноста на спасениоето* | 7 |
| **Трета стапка** | **Да ја искажам својата вера**<br>*Лично сведоштво и крштевање* | 11 |
| **Четврта стапка** | **Да станам дел од семејството на Бога**<br>*Членство во црквата* | 15 |

**Лекции после крштението**

| | | |
|---|---|---|
| **Петта стапка** | **Да Му се покорувам на Бог**<br>*Покорство и опростување на гревовите* | 19 |
| **Шста стапка** | **Да градам пријателство со Бог**<br>*Читање на Библијата и молитва* | 23 |
| **Седма стапка** | **Да ги користам своите духовни дарби**<br>*Дарбите и личното служение* | 27 |
| **Осма стапка** | **Да бидам успешен служител**<br>*Управување со финансиите* | 31 |



**National Bible Reading Campaign**

**Church Starts International**
P.O. Box 177
Henrietta, TX 76365

billdavis@churchstarts.com
www.churchstarts.com

All scripture quoted in this booklet is from:
Macedonian New Testament (MNT)



©1999 by HBC Radosna Vest

© 1999, 2003 Ted Lindwall

## Како да постанам ученик на Исус Христос?

Можете да бидете ученици на Исус Христос само ако Го сретнете и Го познавате лично. Не е доволно човек да биде „добар“ или да оди редовно в црква. Многу „добри“ луѓе и многу луѓе, кои редовно ги посетуваат црквите не Го познаваат Бога и не се спасени од Исус Христос. Затоа треба да започнеме со тоа, што го кажува Библијата за Божјите деца, кои се избавени од страна на Исус Христос од своите гревови.

### Како да се спасам и како да бидам сигурен, дека сум спасен?

Што прави Бог за да не спаси? Многу луѓе работаат многу за да бидат примени од Бога. Одат секој ден в црква, даваат на сиромашните и на црквата, се покоруваат на правилата, што ги имаат слушнато и исполнуваат уште многу други работи. Тие веруваат, дека поради нивните добри дела Бог е должен да ги прифати. Но Библијата особено јасно ни кажува, дека ние никогаш не можеме да се спасиме сами само Бог може да не спаси. Библијата ни кажува за тоа, што Бог Го направил за нас и како ние можеме да ја примиме благодатта на спасението.

**Ефесјани 2:8-9: „Зашто по благодат сте спасени, преку верата, и тоа не е од вас самите *-тоа е Божји дар! Не од делата, за да не се фали некој.“**

1. Овој стих ни кажува, дека ние се спасуваме по следните начини:

2. Зошто не можеме да се спасиме преку нашите добри дела?
☐ Зашто треба да Му даваме на Бог и парични дарови.
☐ За да не се фалиме дека сами сме се спасиле.



3. Што е тоа единствено нешто, преку кое можеме да се спасиме?
☐ Можеме да се спасиме само преку вера.
☐ Можеме да се спасиме ако никогаш не грешиме.
☐ Можеме да се спасиме ако припаѓаме во правилната црква.

Овој стих раѓа во нас неколку прашања: Зошто воопшто треба да се спасуваме? Зошто не можам да се спасам со добри дела? Каква вера треба да имам, за да се спасам? Зошто спасението треба да е дар од Бога за оние, кои веруваат?



CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

### Зошто треба да се спасуваме?

Многу луѓе мислат дека немаат потреба од спасение, зашто се сметаат за „добри“ луѓе, или со сигурност подобри од другите. Тоа е едноставно една форма на човечка гордост и тоа покажува колку малку тие знаат за апсолутната светост на Бог. Библијата тоа го кажува многу јасно: Сите сме грешници во светите очи на Бога!

**Римјани 3:23: „...сите згрешија и има недостасува Божјата слава“**

4. Според овој стих
☐ Секој еден е грешник.
☐ Никој ја нема праведноста, што Бог ја сака.
☐ Малку се спасени, зашто се подобри од другите.

**Римјани 6:23: „зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ.“**

5. Тука Библијата не учи дека:
☐ Ние заслужуваме смрт (вечно одделени од Бога) како плата за гревот.
☐ Сега треба да живееме без грев за да ни биде простено.
☐ Не може преку нашите дела. Бог ни го дава вечниот живот како дар.
☐ Вечниот живот може да се добие само преку Исус Христос.

Библијата кажува, дека Бог ги прима во Своето Царство само праведните, и дека само тие ќе ја поминат вечноста со Него. Но ако сите сме грешни, тогаш од каде да ја земеме таа праведност, која ќе не спаси од нашите гревови?

**Римјани 3:21-22а: „А сега, независно од законот се јави Божјата правда, за која сведочат Законот и пророците, и тоа е Божја правда, преку верата во Исуса Христа, за сите кои веруваат.“**

Поради тоа што сите сме грешни, Бог требаше да осигури правда, што нема да зависи од тоа дали ќе го исполнуваме Законот или дали ќе се покорима на правилата на религијата.

6. Апостол Павел ни објаснува, дека таа праведност е достапна за нас преку следните начини:
☐ Дадена ни е од Бог
☐ Ја добиваме преку вера во Исус Христос.
☐ Ја добиваат само оние, кои се без никаков грев.
☐ Ја добиваат само оние, кои веруваат во Исус Христос како Спасител.

**Римјани 3:22-25а: „ …бидејќи нема разлика; зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава, но се оправдуваат од Неговата благодат, преку откупот во Исуса Христа, Кого Бог Го постави за жртва на помирувањето преку вера, во Неговата крв …“**

7. Според Библијата колку луѓе згрешиле и колку од нив не успеваат да го постигнат нивото, кое Бог Го очекува од нас? ______________________

8. Ние сме оправдани пред Бога
- ☐ Зашто Бог ни го даде чисто по благодат, без да го заслужиме тоа сами.
- ☐ Како цена за нашите жртви и живот без грев.
- ☐ Само преку жртвата на Исус Христос за нажите гревови.
- ☐ Зашто веруваме во силата на крвта на Исус Христос да простува гревови.

**<u>Што треба да направиме за да не спаси Бог?</u>**

Само Бог може да не спаси од нашите гревови. Но што треба да направиме ние, за да го добиеме тоа спасение? Стиховите што ги разгледавме до сега ни кажуваат јасно, дека единственото, што можеме да направиме е да поверуваме во Исус Христос, да Го примиме за наш Господ и Спасител и да веруваме дека единствено Неговата пролеана крв може да не спаси од нашите гревови. Тоа значи дека не треба да бараме други средства или начини, зашто да се надеваме на нашите религиозни дела означува, дека ние не веруваме до крај во силата на Исус Христос.

Меѓутоа често пати се поставува следното прашање: Како треба да верувам во Исус, за да бидам спасен? **„Ти веруваш дека има само еден Бог. Добро правиш; и бесовите веруваат и треперат.“ (Јаков 2:19)** Мнозина искрено веруваат дека има Бог, но никако не покажуваат дека Му припаѓаат на Тој Бог, и дека се спасени од Него.



Апостоилите јасно кажуваат каква треба да биде нашата вера за да се спасиме. Петар кажува: **„Но, Бог на тој начин го исполни тоа, што го навестуваше однапред, преку устата на сите пророци: дека Неговиот Христос ќе пострада. Затоа покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите...“ (Дела 3:18-19а)**

9. Тука Петар кажува дека:
- ☐ Христовата смрт за нашите гревови е предскажана од пророците.
- ☐ Ние треба да реагираме со покајание и обраќање према Бога.
- ☐ Сè што е необходно е да веруваме дека постои Бог.



A Gateway to World Missions
churchstarts.com

Демоните веруваат Бога и треперат од Него, но не се покајуваат и не се обраќаат кон Бога. Тоа е доволно јасно, но сепак останува прашањето; што значи тоа „да се покаеш.“ да се покае човек означува да се заврти за 180 ° од својот егоизам и непокорност и да се покори и да Му служи на Исус Христос. Еден од знаците на покајанието е крштението. Само Христос спасува крштението не може да го постигне тоа, но тоа е почетен знак од страна на верникот, кој ја покажва неговата искрена вера во Исус Христос неговиот Господ.

Во истата таа проповед Петар кажува: **„Покајте се! И секој од вас нека се крсти во имато на Исуса Христа за проштавање на вашите гревови и ќе примите дар на Светиот Дух.“ (Дела 2:38)**

10. Петар има кажува на своите слушатели:
- ☐ Да се обратат од стариот начин на живот.
- ☐ Да го искажат своето покајание и да се крстат јавно.
- ☐ Да ги дигнат своите раце, за да покажат дека веруваат во Исус Христос.
- ☐ Дека Бог ќе има Го даде Светиот Дух на сите, што ќе се обратат искрено од своите гревови.

Покасно ќе разбереме повеќе за силата на Светиот Дух, која нè променува и ни дава сили да живееме богоугоден живот. За да влезе во нас Светиот Дух, за да ни даде сила да можеме да живееме различно, ние треба да се покаеме и да го предадеме нашиот живот во рацете на Бога, и да признаеме дека сега Исус Христос е нашиот Бог.

Како ќе се промени нашиот живот, кога е воден од Исус? Апосол Павле ни избројува некои работи, кои треба да ги оставиме и работи, кои ќе треба да ги прифатиме со силата на Светиот Дух, Кој доаѓа кај сите, кои искрено се покајале:



**А. <u>Да оставиме:</u> „Но сега отфрлете го и вие сè ова: гневот, јароста, злобата, хулењето, срамните зборови од својата уста.“ (Колосјани 3:8)**

**Б. <u>Да прифатиме:</u> „како Божји избраници, свети и возљубени, во милосрдно срце, благост, смиреност, кротост, трпеливост!“ (Колосјани 3:12)**

**Вашата духовна одценка**

Одбележете ги искрено тие реченици, што важат за вас:

- ☐ Знам дека сум грешник и дека никогаш нема да бидам прифатен од Бога со свои сили.
- ☐ Знам дека Бог Го даде Својот Единороден Син за да умре за моите гревови.
- ☐ Знам дека можам да се спасам само преку покајание и доверба во Исус Христос.
- ☐ Се покајувам за мојот грешен живот и се препуштам на Бога, така да ја прифаќам Неговата прошка и Неговиот Свет Дух и го препуштам моето спасение на Христос.
- ☐ Знам дека Бог ми прости и дека ми даде вечен живот.
- ☐ Во почетокот на мојот живот со Бог сакам да бидам крстен како знак за мојата вера во Христос.

Во библиските лекции покасно ќе зборуваме за тоа како да бидеме сигурни дека сме спасени. Исто така ќе има и подетални објаснувања за целта и благословот на крштението. Никој нема со сила да ве тера да донесете одлука, за која се уште не сте готови или не сакате. Бог ги прифаќа замо оние, кои доброволно одат кај Него.



CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

Втора стапка

## Да Му се доверам на Бог

Тогаш, кога ќе се обратима од нашите погрешни патишта и Му се довериме напоно на Господ, ние се спасуваме. Спасителната вера не е нешто, кое човек го



има само во почетокот на својот христијансји живот. Тоа е трајна вера на сите, што се спасени. Светот, телото и ѓаволот ќе ви подшепнуваат, дека не можете напоно да Му се доверите на Бога за своето спасение, дека треба да поробате да добавите и некои несигурни работи, како добри дела, религиозни практики или вашата верност. Но сите тие работи нема да бидат совршени во нас до Денот на Исус Христос, кога Тој ќе не преобрази по Својот лик. Единствено нашата вера во Исус Христос ќе не спаси и ќе ни дава сигурност во спасението.

***<u>Зошто единствено на Господ да се довериме за нашето спасение?</u>***

Библијата е полна со ветувања, кои нè убедуваат во таа вистина. Ето две од нив: **„Кој верува во Синот има вечен живот; а кој не се покорува на Синот, нема да види живот, туку Божијот гнев останува врз него.“ (Јован 3: 36)**

1. Библијата тука ни кажува, дека секој, што ќе поверува во Исус Христос:
- ☐ Може некој ден да добие вечен живот, ако бил доволно верен и добар.
- ☐ Веќе има вечен живот.
- ☐ Може да добие вечен живот, кога ќе почине.

2. Кои се оние, кои нема да добијат вечен живот поради Божијот гнев?

________________________________________________________

**„Вистина, вистина ви велам: кој го слуша Моето слово и верува во Оној, Кој Ме прати, има вечен живот и не доаѓа на суд, туку преминал од смртта во животот.“ (Јован 5:24)**

3. Која, по зборовите на Исус, е вистината за оние, кои ќе ги слушнат Неговите зборови и ќе поверуваат во ветувањето на Оној, Кој Го пратил?
- ☐ Дека ќе можат некој ден да добијат вечен живот ако биле доволно верни.
- ☐ Дека може и да небидат осудени.
- ☐ Дека сега имаат вечен живот.
- ☐ Дека нема да бидат осудени.
- ☐ Дека веќе преминале од смрт во живот.




CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com



Многу луѓе признаваат дека само Бог има право да нè присвои како Негови деца. Но како да го постигнеме тоа?

**„Дојде при Своите, но Неговите не Го примија. А на сите, кои Го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во Неговото име.“ (Јован 1:11-12)**

Бог испрати Спасител на Својот избран народ Израел како исполнување на Своите ветувања.

4. Како реагираа Израелците на доаѓањето на Исус?

________________________________________________________

5. На кого бог им даде како дар право да се нарекуваат Божји деца?



- ☐ На они, кои најмалку грешеле.
- ☐ На оние, кои заслужуваат да станат Божји деца.
- ☐ На оние, кои се крстија.
- ☐ На оние, кои поверуваа во името на Исус Христос.
- ☐ На оние, кои го примија Исус во своите срца и во својот живот.
- ☐ На евреите.

6. Дали сега имаш вечен живот? Ако да зошто? Ако не зошто?

________________________________________________________

________________________________________________________

**<u>Што се случува со тебе кога ќе Му се довериш на Господ?</u>**

Бог прави прекрасни работи со човекот, кој решил да му се довери. Откриј ги и ти сам за себе: **„Во Него и вие, откако го чувте словото на вистината Евангелието на вашето спасение и откако и вие поверувавте, станавте запечатени со Светиот Дух на ветувањето. Кој е залог за нашето наследство, за откупување на оние, кои станаа Божја сопственост за пофалба на Неговата слава.“ (Ефесјани 1:13-14)**

7. Овие зборови од Господ ни кажуваат дека со спасените се случуваат три работи. Тие се:
- ☐ Тие го слушаат словото на вистината Евангелието, за тоа како да се спасат.
- ☐ Тие веруваат во Евангелието, преку доверба во Исус.
- ☐ Тие започнуваат да добиваат откровенија и зборуваат во јазици.
- ☐ Тие се запечатени со Светиот Дух како Божја сопственост.

8. Која е гаранцијата дека ќе го добиеме тоа ветено наследство?

______________________________________________

**„Зашто сè што е родено од Бога, го победува светот; и ова е победата, која го победи светот: нашата вера. Кој е тој, кој го победува светот, ако не оној, кој верува дека Исус е Божји Син?" (1 Јован 5:4-5)**

9. Која е таа сила, која го победува светот и неговите напори да не оттргне од Бога?

☐ Нашата верност да не Го предадеме Бога.

☐ Нашата вера во силата на Бога и дека само тој може да нè спаси.

10. Кој го победува светот? Само оној, кој:

☐ Никогаш не греши.

☐ Секогаш ги исполнува своите ветувања пред Бога.

☐ Верува дека Исус е Божји Син.

11. Мислење: Каква вера ни е потребна, за да се случи сето тоа во нашиот живот?

☐ Човек треба да верува единствено во тоа, дека Исус е Божји Син.

☐ Човек треба да верува во тоа, дека Исус е Син на Бог и да има потполна доверба во Него за своето спасение.

Новите верници, како и старите, знаат дека нема да можат да издржат на сите изпити, пред кои ќе треба да застанат. Тогаш каква надеж имаат тие во својот живот? Бог има дава на Своите деца едно посебно ветување:

**„Никакво искушение не ве постигна освен човечкото. А Бог е верен и не ќе дозволида бидете искушувани над васхите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите." (1 Коринтјани 10:13)**

12.Според овој стих, дали мислите дека сте имале тешкотии, како никој друг?

☐ ДА ☐ НЕ

13. Што прави Бог за да ни даде можност да ги издржиме сите искушенија во нашиот живот?

☐ Тој нè варди за да не бидеме искушувани повеќе од тоа, што можат да го носта нашите сили.

☐ Нè варди од искушенија

☐ Ни дава пат да избегаме од искушенијата.



CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

14. Зошто христијаните паѓаат во различни искушенија, покрај тоа што Бог им помага? Различни мислења:

☐ Христијаните мислта дека да паднат во искушение е подобро одколку да Му бидат послушни на Бога.

☐ Не можат да разберат колку болка и зло ќе им донесе тоа.

☐ Го обвинуваат Бог или условите за искушенијата,пред кои застануваат.

☐ Го обвинуваат Бога дека се „многу слаби" за да се спртивстават.

☐ Не успеваат да избегаат од искушението и му се подчинуваат.

Да се подчиниш на Бог не означува бегство од искушенијата. Тоа е нешто многу повеќе да ГО ПРАВИМЕ сето тоа, што Тој го бара од нас. Следната стапка во учеништвото ќе ни помогне да разбереме која е Божјата волја за нашиот живот и како да ја исполниме успешно.

Трета стапка

## Да ја искажам својата вера

Исус кажа: „Секој, кој Ме признава Мене пред луѓето, ќе го признаае и Јас него пред Мојот Татко, Кој е во небесата.“ (Матеј 10:32) Кога ќе го предадеме нашиот живот во рацете на Бог, нормално е да сакаме да им кажеме на сите, т.е да ги „признаеме“ нашите взаимоодноси со Бог пред другите. Тоа можеме да го правиме и преку многу други начини. На пример: преку шчевидните промени, кои Бог ги прави во нашиот живот. Ние отворено кажуваме дека припаѓаме на Исус Хистос и го потврдуваме тоа, дека Исус е нашиот Господ со крштение.



Библијата не кажува ништо за „тајни“ христијани, зашто е зможно вистинскиот верник да ги чува во тајност своите преживувања со Исус Христос. Една од најинтересните истории во Ниблијата е за еден човек, кој беше обземен од многу демони, но беше ослободен од Исус Христос. Потоа тој Го замоли Исус да се приклучи кон групата од апостоли, која одеше со Исус насекаде. Ете го одговорот на Исус: **„Оди дома при своите и раскажи им што ти направи Господ и како ти се смилува! И отиде и почна да раскажува по Десеттоградието што му направи Исус; и сите се восхитуваа.“ (Марко 5:19-20)**

1. Што ни кажува Библијата за таа случка?
- ☐ Според Исус најважното нешто беше човекот да отиде дома и да му раскаже на своето семејство за силата на Христос, која дејствуваше во неговиот живот.
- ☐ Човекот се плашеше да раскажува на луѓето. Затоа што му се случи.
- ☐ Човекот раскажуваше за тоа, што му се случи не само на своето семејство, но и на луѓето, што живееја во десет соседни града наречени „Десеттоградие“.
- ☐ Луѓето не се интересираа за тоа што им го зборуваше тој.

2. Мислења: Зошто секој христијанин е нова творба?
- ☐ Му се простени сите гревови.
- ☐ Им е дадено правото да бидат син или ќерка на Бог.
- ☐ Одеднаш постанал поразличен по височина и по тежина
- ☐ Има мир со Бог и вечен живот.
- ☐ Светиот дух живее во него.
- ☐ Има нова смиса во животот.
- ☐ Неговата судбина сега е поразлична во однос на вечноста:: во рајот наместо во пеколот.



3. На луѓето обично најмону им прави впечаток:
- ☐ Промените, што можат да ги видат во нашиот живот.
- ☐ Потврдата за нашата промена.

4. Какви промени има направеноИсус во твојот живот, за кои можеш да раскажеш на другите.

______________________________________________

На кого можеш да му ги раскажиш тие промени?

______________________________________________

Секој обратен христијанин е променет од страна на Бог. Таа промена трае постојано кога ние Го живееме со Бога. Дури и нашиот карактер и надворешен изглед, постепено почнуваат да се променуваат. Тоа можат да го забележат дури



и оие, кои се против нашата вера. Кога Петар и Јован беа фатени тие беја исправени пред јудејските водачи, кои го осудија Исус на смрт. Само неколку дена порано Петар се одрече од Исус, но сега слушнете ги неговите зборои, како зборува за силата на Христос, која спасува.

**„Нема спасение ниту во еден друг, ниту има друго име под небото, дадено на луѓето преку кое мора да се спасиме. Кога ја видоа Петровата и Јовановата смелост и забележија дека се некнижевни и неуки луѓе; се чудеа; ги препознаа дека беа со Исуса.“ (Дела 4:12-13)**

5. Какво сведоштво даде Петар за Исуса?

6. Што беше тоа што го видоа непријателите на Петар и Јован?
- ☐ Очевидно и двајцата се со завршен факултет.
- ☐ Дека се многу смели, за да зборуваат по тој начин.
- ☐ Дека беа со Исуса.

### Сведочењето на христијанското крштавање

Денес има различно мислење за крштевањето. Во текот на многу векови луѓето ги крштевале бебињата со идеја, дека тоа ќе ги спаси од првородниот грев. За периодот од 1000 години многу цркви ја имаат сменето формата на крштавање од потопување во попрскување. Нема потреба бесцелно да се инаетиме со оние, кои го практикуваат тоа, но е необходно да знаеме што кажува Библијата за крштевањето, за да знаеме што треба да правиме ние. Пред се христијанското крштевање е еден начин да посведочиме дека Му припаѓаме на Христос.

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

Последните зборови на Исус кон Црквата беа: **„Така одејќи направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткотот и Синот и Светиот Дух!Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал!“ (Матеј 28:19)**

7. Направете анализа на оваа заповед и внимателно проучете што кажува таа:

☐ Христијаните треба да одат по целиот свет и да прават свои ученици.
☐ Христијаните треба да шекаат светот да дојде кај нив, за да му ја кажат благата вест.
☐ Крштението е резултат на сведоштвото за Исус пред луѓето.
☐ Црквата има одговорност да ги крсти сите, кои Го прифатиле Исус за свој Господ.
☐ Црквата треба да поставува секакви пречки пред крштавањето.
☐ После крштението новите верници треба да бидат научени како да прават сè она, што Исус Го заповедал.
☐ После крштението нема потреба од повеќе поучување.
☐ Бебињата се учат побрзо,и затоа има потреба тие да бидат крстени.

Кои се барањата за крштението и како тоа треба да биде направено? Во книгата Апостолски Дела има многу примери за тоа. Еден од тие примери е апостол Филип, кој среќава еден човек на пат во пустината и му ја соопштува вестта за Спасителот. Тогаш тој човек постави едно многу важно прашање: **„Акога патувајќи дојдоа до некоја вода, Етиопјанецот рече: `Еве вода! Што ми пречи да се крстам?` А Филип рече: `Ако веруваш од сè срце можеш.` Тој одговори и рече: `Верувам дека Исус Христос е Божји Син.` И заповеда да застане колата, и двајцата Филип и Етипјанецот слегоа во водата. И го крсти.“ (Дела 8: 36-38)**

8. Што ни кажуваат овие стихови за крштавањето?

☐ Единственото барање, кое Филип го кажа за крштавањето е човек да верува во Исус Христос со целото срце.
☐ Филип кажа, дека човек прво треба да докаже дека верува пред да се крсти.
☐ Човекот имаше многу сомнежи за благовестието.
☐ Човекот лично ја изрази својата вера во Исус Христос.
☐ Филип седе малку вода од едно шише и го попрска.
☐ Етипјанецот и Филип влегоа во водата и Филип го потопи во водата.



A Gateway to World Missions
churchstarts.com



Појаснување: Библиските истражувачи од сите цркви признаваат дека крштавањето во Новиот завет било со наполно потопување во водата. Грчкиот збор за „крштавање“ (од каде доаѓа и зборот „баптист“) означува „потопувам“. Во почетокот Новиот завет бил напишан на грчки јазик и „крштение“ во почетокот било разбирано од сите како „потопување“. Околу 1000 години после новата ера Папата ја заменува оваа форма со попрскување. Грчката и руската православна црква не ја променува својата форма на крштавање и продолжуваат и денес да крштаваат со потопување. Но и тие, како и Католичката црква, како и некои други цркви, и понатаму крштаваат бебиња, кои сеуште не можат да декларираат каква и да е вера за своето крштение.

**Лично сведоштво:**

Одбележете ги тврдењата, кои најдобро го опишуваат тоа што го мислите:

☐ Јас сум „крстен“ како бебе по традиција.
☐ Лично јас Го прифатив Исус Христос за свој Господ и Спасител.
☐ Јас сум крстен со потопување како сведоштво за мојата вера во Исус Христос.
☐ Сакам да ја искажам својата вера пред сите и ќе се крстам, така како што поучува Библијата.

## Да станам дел од семејството на Бога

Очевидно крштавањето на верниците во времето на апостолите било многу важно. Многу текстови држат на тоа, дека спасението е само преку покајание и вера во Господ Исус, така да крштавањето не спасува. Но покрај тоа сите, кои го прифаќаа Исус Христос за свој Гопсод, беа набрзо крстени и примани како членови на црквата. Ето еден пример: **„И уште со многи други зборови сведочеше и ги опоменуваше, велејќе: `Спасете се од ова расипано поколение!` И така, се крстија оние, кои го прифатија неговото слово. И во тој ден се приклучија околу три илјади дучи.“ (Дела 2:40-41)**

1. Во двата стихови погоре гледаме дека:

☐ Нашата спасувачка вера во Исус Христос вклучува морално решение да ги оставиме нашите досегашни зли дела

☐ Сите, кои Го прифатија Исус Христос се крстија.

☐ Мнозина од оние, кои Го прифатија Исус Христос се крстија.

☐ Оние, кои се крстија станаа членови на црквата.



Има две работи, кои треба да ги одбележиме, кои се гледаат и во други библиски стихови.

1) Крштениет е морален знак, со кој ние одбележуваме, дека веќе Му припаѓаме на Христос, дека умираме за нашот стар живот и дека сме воскреснати за нов.

2) Не само крштението, туку и членството во црквата е нешто наполно за оние, кои се спасуваат.

**„А секој ден, Господ ги додаваше оние, кои се спасуваа.“ (Дела 2:47)**

2. Во овој текст Библијата ни кажува:

☐ Сите, кои се спасија се присоединија кон црквата.

☐ Само спасените беја прифатени да бидат членови на црквата.

☐ Само најдобрите, од тие, кои се спасија постанаа членови на црквата.

☐ Членството во црквата е Божја волја за сите, кои се спасуваат.

☐ Членството во црквата се дава само на оние, кои ја докажале својата верност.



CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

3. Вашето мислење: Зошто е потребно сите, кои се спасуваат да се крстат и да станат членови на црквата?

☐ Црквата треба да се грижи за духовното растење на сите, кои се спасени и на слабите и на силните. Ако ги отфрли слабите, тогаш таа се откажува од својата одговорност за нив.

☐ Човекот кога ќе се спаси станува дел од телото, кое е Црквата.

☐ Не треба сите, кои се спасени да станат членови во црквата: некои од нив можат да ја посрамотат ако покасно се откажат.

☐ Секој христијанин треба да е дел од духовното семејство, кое ќе се грижи за него, за да има место каде што ќе се развива и служи.

☐ Ние се спасуваме по благодат; стануваме членови на Црквата на Христос исто така по благодат.

**Животот на членовите во црквата.**

Не е возможно еден христијанин да може да расте духовно надвор од црковното општување, кое беше создадено по моделот на Новиот завет. Членството во црквата ви помага не само да растете духовно, но и ви дава можност да се научите како да служите на Господ, заедно со други луѓе. Вистинското членство во црквата е многу повеќе од фигурирање во списокот на црквата. Тоа означува редовно да се среќавате со други верници за обожавање, како и за други средби и дејности на црквата. Авторот на Посланието кон евреите кажува: **„Да не ги напуштате своите собранија, како што некои имаат обичај, туку да се бодриме еден друг, и тоа дотолку повеќе, доколку гледате дека наближува Денот.“ (Евреи 10:25)**



4. Библијата тука ни кажува:

☐ Нема врска дали ќе се собираме редовно или не.

☐ Дури и во Новозаветното време имаше луѓе со лоша навика да не одат во црква редовно.

☐ Треба да се среќаваме заедно, за де се охрабруваме, додека го чекаме доаѓањето на Господ.

☐ Библијата јасно ни кажува, дека во црквата има различни видиви служители нивната служба е да ви помагаат како член во црквата.

**„И Тој (Исус Христос) даде едни за апостоли, а други за пророци; едни за евангелисти, а други за пастири и учители, за да се усовршат светите за делото на службата, за изградување на Христовото Тело.“ (Ефесјани 4:11, 12)**

5. Овој стих ни кажува:

☐ Бог и дава на црквата специјални видови служенија и служители.
☐ Нивната цел е да ги поидготват сите Божји луѓе за нивното служение
☐ Тие служенија треба да го изградуваат Христовото Тело - Црквата.
☐ Не можеме да кажеме дали Бог ни определил, за секој еден од нас, служение.
☐ Нашата одговорност како христијани е да го вршиме својот дел од изградувањето на црквата.



Новиот завет, често пати зборува за тоа, као членството во црквата ни помага лично и како и ние треба да учествуваме во црковниот живот. Ето два примери: **„И така, облечете се како Божји избраници, свети и возљубни во милосрдно срце, благост, смиреност, трпеливост! Трпете се еден со друг и проштавајте си еден на друг, ако некој има поплака против некого, како што Господ ви прости вам, така проштавајте и вие! А над сето тоа облечете се во љубов, која сврзува сè во совршенство! (Колосјани 3:12-14)**

6. Како треба да бидеме облечени во црквата?

☐ Мажите треба да носат вратоврски, а жените - долги фустани.
☐ Што и да носиме, треба да „облечеме“ милосрдие, благост, смирение и кротост и секогаш да бидеме трпеливи.

7. Зошто се зборува толку многу за проштението во црквата ?

☐ Како и секое друго семејство, не треба да се изненадуваме ако некој направи или каже нешто, со кое што другите не се согласуваат.
☐ Исто како семејство, ние простуваме и ги заборваме грешките и сакаме и другите да се однесуваат исто така со нас.
☐ Љубовта еден кон друг е најважното нешто во црквата.
☐ Сите членови нацрквата се совршени и затоа нема потреба од прошка за ништо.



**„И Христовиот мир да владее во вашите срца, за кого сте и повикани во едно тело; бидете благодарни! Христовото слово да живее изобилно во вас; во секоја мудрост учете се и опоменувајте се еде друг со псалми, химни и духовни песни, пеејќи Му на Господа со благодат во вашите срца. И сè што правире со збор или дело, правете сè во името на ГосподаИсуса, благодарејќи Ми на Бог Таткото преку Него.“ (Колосјани 3:15-17)**

8. Што ни покажуваат овие стихови за радоста од Божјиот мир?

☐ Како црква ние треба да го оставиме мирот да царува во нас.
☐ Имаме право во црквата да зборуваме што сакаме, дури ако тоа ги огорчува другите членови.
☐ Христијанскиот живот треба да биде живот на мир.

9. Што ни кажува Библијата дека треба да правиме во црквата?

☐ Што и да правиме треба да бидеме водени од словото на Бога за Христос во нашето изучување, нашата проповед и обожавање.
☐ Во црквата треба да се поучуваме и да се изградуваме еден друг.
☐ Треба да пееме со радост и со благодарност во нашите срца кон Исус.
☐ Треба да стоиме исправени многу време и да пееме со часови како казна и жртва за нашите гревови пред Бога.
☐ Треба сè да правиме во името на нашиот Спасител и Господ Исус Христос и да Му благодариме на Бог преку Исус.
☐ Треба да правиме сè во името на Јехова.

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

## Да Му се покорувам на Бог



Пред да го запонзаеме Христос ние бевме„синови на бунтот“, живеевме далеку од Бог и на ја знаевме Неговата волја за нашиот живот. Кога го прифатифме Исус Христос за наш Господ ние Му ветивме да го следиме, и да Му служима, така што започнавме да живееме во послушност према Бог. Се покајавме за нашите грепни и непокорни патишта и заживејавме живот во благословение.

**Заповедта за покорство и ветувањата кон верните.**

Последната заповед, кој Исус им ја даде на Своите ученици беше следната: **„Така одејќи направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткотот и Синот и Светиот Дух!Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал!“ (Матеј 28:19)**

1. Во таа голема запове или порака кон своите ученици, Исус ни кажува:
- ☐ Да одиме насекаде и да зборуваме на луѓето за Исус и за Неговото Слово.
- ☐ Да ги крстиме оние, кои ќе одлучат да Го следат Исуса.
- ☐ Да кажуваме на оние, кои се крстиле, дека можат да живејат како сакаат само да веруваат.
- ☐ Да кажуваме на оние, кои се крстиле, да се покоруваат на Исус за сè што тој ни заповедал.

2. Вашето мислење: Зошто според вас е важно да се покоруваме на Исус за сè што тој ни заповедал?

Бог го избра Исус Навин за да изврши еден велик подвиг, да го поведе Израел во Ветената земја. Тој му ги даде следниве совети, кои се исто толку важни и за нас денес. **„Само биди одлучен и храбар за да направиш сè верно според наредбите што ти ги даде Мојсеј, Мојот слуга. Не свртувај од тоа ни десно ни лево, за да ти биде среќно сè што ќе преземеш.“ (Исус Навин 1:7)**

3. Одбележете што му заповеда Бог на Својот слуга Исус Навин.
- ☐ Да биде силен и храбар кога Го последува Бога.
- ☐ Да се покорува на законот, и на се, што Бог му заповеда на Мојсеј и на Божјиот народ.
- ☐ Да не се плаши дали Го следи Бог од близу.
- ☐ Ако ги следи внимателно Божјите патишта ќе има успех, каде и да отиде.



4. Вашето мислење: Во каков степен покорството на Исус Навин имаше влијание врз солемиот успех, што тој го имаше во својот живот.

5. Кој може поверојатно да се претвори во човек, кој се плаши.
- ☐ Човекот, кој живее според својата мудрост и одлуки на егоизам.
- ☐ Човекот, кој слуша внимателно што сака Бог од него.

Исус даде едно големо ветување за сите, кои Му се покоруваат: **„И така, секој, кој ги слуша овие, Мои зборови и ги исполнува, ќе го споредам Јас со благоразумен човек, кој ја изградил својата куќа на камен. И заврна пороен дожд, и надојдоа реки дувнаа ветрови и навалија на таа куќа, но таа не се разурна, зашто беше заснована на камен.“ (Матеј 6:24-25)**



6. Исус јасно ни кажува дека:
- ☐ Да ги слушаме Неговите заповеди и поучување и да ги пазиме е многу мудро нешто.
- ☐ Вистинските христијани нема да имаат бури во својот живот.
- ☐ Во животот на секој има бури, вклучително и на христијаните.
- ☐ Човек, кој живее според учението на Исус Христос нема да одпадне, кога ќе надојдат невремиња.

**Опасноста од непокорството.**

Исус продолжи понатаму со следното предупредување: **„И секој, кој ги слуша овие Мои зборови, а не ги исполнува, ќе биде спореден со безумен човек, кој ја изградил својата куќа на песок. И заврна пороен дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови и навалија натаа куќа, и таа падна, и нејзиното паѓање беше големо.“ (Матеј 7:26-27)**

7. Што вели Исус дека ќе има се случи на оние, кои ги слушаат Неговите заповеди, но избираат да живеат по свој начин?

**Простување на непокорството**

Знаеме дека сите ние бевме грешници пред да Го прифатиме Исус Христос за наш Господ. Многу брзо, откако ќе избереме да Го следиме Исус Христос, разбираме дека понекогаш пак грешиме, дури и како христијани.Дали Бог може да ни прости ако згрешиме и после нашето спасение? Апостол Павле кажува: **„Имаме откуп преку Неговата крв, прошка на гревовите, според богатството на Неговата благодат, која ја излеа изобилно на нас во секоја мудрост и разумност.“ (Ефесјани 1:7,8)**

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

8. апостол Павле го пише следното до христијаните во Ефес:

- ☐ Исус плати за нашите гревови со крвна жртва Самиот Тој.
- ☐ Христијаните добиваат прошка за своите гревови преку Исус Христос.
- ☐ Многу е тешко да добиеме прошка од Бог.
- ☐ Бог ја излива Својата благодат врз нас, која ја содржи и прошката.

Дали е возможно христијаните да продолуваат да грешат, дури откако го познаваат Христос и како можме да ја добиеме полната Божја прошка? Апостол Јован дава одгодор: **„Ако речеме дека немаме грев се измамуваме сами себе, и вистината не е во нас. Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секоја неправда.“(1 Јован1:8-9)**

9. Јован васно го кажува следното:

- ☐ Христијаните, кои кажуваат дека не грешат се заблудуваат единствено себеси.
- ☐ Кога ќе разбереме дека грешиме, треба да застанеме и да го признаеме пред ог својот грев.
- ☐ Кога ќе Му го кажеме на Бог својот грев, Тој ќе ни го прости и ќе не очисти од него.
- ☐ Според Јован има многу гревови, кои Бог не може да ги прости.

## <u>Цената на непокорноста</u>

Некои мислат неправилно: „Ако Бог може и ќе ми го прости секој мој грев, тогаш јас можам да грешам колку сакам, само да не заборавам потоа да побарам прошка.“ Такви луѓе едноставно не разбираат што значи тоа да си христијанин, зашто христоијанинот е човек, кој се обратил од своите грешни патишта, за да не живее веќе за себе, но да Го следи Исуса.

Всушност, верниците, кои грешат а потоа доаѓаат при Бог и искрено бараат прошка, треба да знаат, дека за секој грев се плаќа опасна цена и покрај тоа, што Бог ни простува. Апостол Павел пишува: **„Не лажете се: Бог не дозволува да биде изигран! Зашто штп човек ќе посее во своето тело, од телото ќе пожнее погибел...“ (Галатјани 6:7)**



CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com



10. Вашето мислење: Ако еден христијанин одлучи да пие, пуши или да употребува дрога, дали Божјата прошка ќе го чува од болести, од пропаднат живот па дури и од предвремена смрт?

11. Одбележете начини, на кои човек може да сее во својот живот и после да пожнее лоши последици:

- ☐ Кога ги отфрла односите со другите христијани и контактира само со луѓе, кои не Го познаваат Господа.
- ☐ Кога е неозбилен во учењето и о работата.
- ☐ Кога има различни сексуални „авантури“.
- ☐ Кога живее во егоизам, наместо да се посвети на Бог и да постане благослов за другите.
- ☐ Кога се држи лошо кон другите и не им простува.

**Време за лична одценка:**

Помислете дали има нешто во вашиот живот, од кое Бог не е задоволен. Признајте Го на Бога и замолете Го да ве очисти. Започнете уште сега да го живеете животот во победа со Божјата прошка и чистота.

## Да градам пријателство со Бог

Одега натаму начинот на кој што ќе го живеете вашиот живот пред се зависи од пријателството, што вие го градите со Бог. Затоа Петар пишува: **„Растете во благодатта и во познабањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос.“ (2 Петрово 3:18)** Исус самиот им кажа на верниците: **„Еве стојам на вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот плас и ја отвори вратата, ќе влезам при него и ќе вечерам со него, и тој со Мене.“ (Откровение 3:20)**

1. Од зборовите на Исус можеме да разбереме дека:
- ☐ Повеќе од времето Исус е далеку од нас.
- ☐ Исус е блиску до нас и сака да дојде во нашиот живот, мисли и дела.
- ☐ Исус ќе влезе во нашиот живот без разлика дали ние сакаме или не.
- ☐ Исус ќе биде со нас само ако Го покaниме.
- ☐ Важно е да Го длушаме Бога, да го слушнеме Неговиот глас и да Го покaниме да дојде во нашиот живот.
- ☐ Исус сака да биде блиску до нас, како на вечера во нашиот дом.

Треба да се запрашаме како да Го покaниме Исус во нашето секојдневие и да се радуваме на Неговата близина? Како може тоа да биде направено реално? Одговорот е, дека ние треба постојано да контактираме со Него да Го слушаме и да Му зборуваме.

**<u>Како можеме да „слушнеме“ што ни зборува Бог?</u>**



Понекогаш. Бог ќе ни зборува и ќе ни се одкрива преку работи, што се лучуваат во нашиот живот или во животот на луѓето околку нас. Друг пат ќе ни дава чувство за тоа, што Тој го сака или не. Тој ќе ни зборува директно на нашиот дух. Но ние можеме да се заблудиме многу ако ачунаме само на нашите чувства можеме да ги помислиме другите духови за Божјиот Дух.затоа Бог ни го даде Своето непогрешливо слово Библијата.

Бог ни кажува пак и пак, да Го слушаме и да црпиме духовно обновување директно од Божјото Слово. Ето ги повторно зборовите на апостол Петар: **„Како новородени деца, копнејте по чисто духовно млеко на Словото, за да пораснете преку него за спасение, ако сте вкусиле, дека Господ е добар:“ (1 Петрово 2:2-3)**





2. Тука ни се кажува дека:
- ☐ Исто како бебињата, што плачат за млеко и ние треба постојано да го бараме Божјото духовно мелко во Библијата.
- ☐ Тоа млеко ќе ни помогне да растеме духовно.
- ☐ Ако веќе сме спасени и сме научиле дека Бог е добар, ни веќе немаме потреба од Библијата

Исус кажува: **„Напишано е: `Човек не ќе живее само од леб туку од секој збор, што излегува од устата на Бога.`“ (Матеј 4:4)**

3. Исус ни кажува дека:
- ☐ Божјото Слово е „леб“, што ни дава живот и сила.
- ☐ Главната грижа треба да бидат нашите стомаци да не пропуштиме некое јадење.

Тоа означува, дека секој ден, понекогаш и повеќе пати дневно, да ги отораме нашите Боблии и да читаме. Библијата е посебна со тоа што, можеш да се најдеш себеси и своите ситуации скоро во сè што ќе прочиташ од неа. Со тие зборови Господ ќе ти зборува за тоите потреби и конкретната ситуација. Но тоа не означува едноставно да ја отвориш Библијата, да посочиш даден текст со затворени очи и да го прочиташ!

Треба да имаме план за систематско читање на Библијата. Има многу добри планови, затоа е добро да ги прашаш твојот пастир и учител за тоа, што тие го користат. Етои некои идеи: Започни со Новиот завет, по специјално со Евангелијата и започни да читаш и да размислуваш за Исус, за Неговиот пример, за Неговите поучувања, и Неговата њубов што ја дава на другите. После можеш да ги прочиташ кратките посланија на апостолите (на пример: Филипјани, Колосјани 1 Петрово). После можеш да размислуваш за Псалмите и да Го обожаваш Бог со нив, како и да одкриеш некои практични совети во Пословици. После тоа секој ден читај по малку и од Стариот и од Новиот завет. Започни со Битие и Апостолски дела. Секој ден резервирај си време за читање на Библијата.

Кога Исус Навин го започна своето дело, Бог му зборуваше затоа како да има успешен живот.Тој му кажа:**„Книжниот свиток на Законот нека биде на твојата уста: размислувај за него дење и ноќе, за да пазиш верно сè што е напишано во него: само тогаш ќе бидеш среќен и ќе успееш вп потфатите.“ (Исус Навин 1:8)**

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

4. Што кажува Бог за Своето Слово:

☐ Треба да им зборуваме на другите за него.
☐ Треба да размислуваме врз него ден и ноќ
☐ Независно од тоа дали му обраќаме довлно внимание на Божјото Слово или не, ние како христијани ќе имаме успех во сè што правиме.
☐ Ако го исполнуваме Божјото Слово ќе имаме успех.



**Како да зборуваме со Бог?**

Ние можеме само да слушаме што ни кажува Бог но можеме и да зборуваме искрено со Него. Помнете ека Бог ги знае сите васхи мисли и дела. Затоа бидете искрени со Него и зборувајте често со Него. Апостол Павле ни кажува дека нашите молитви треба да се: **„Благодарете за сè, зашто ота е Божјата волја за вас во Христа Исуса.“ (1 Солунци 5:18)**



5. Каков треба да биде нашето поведение кога зборуваме со Бог:

☐ Имеме причина секогаш да бидеме среќни, кога Бог е на нашата страна.
☐ Треба редовно да зборуваме со Бог, зашто Тој е нашиот најдобар пријател на светот.
☐ Треба да сме Му благодарни во секоја ситуација, зашто знаеме дека Тој ќе ни даде излез од неа.
☐ За Бога нема врска дали се молиме или не

Исус се молеше доста често и навистина ползотворно. Затоа Неговите ученици Го помолија да ги научи и нив да се молат. Тој им предаде еден пример не молитва, која ќе ја повторуваат без да се замислуваат за тоа, но идеја за основните елементи, што треба да присуствуваат во нашата молитва.

**„Молете се вака:`Татко наш. Кој си во небесата, да се свети Твоето име, да дојде Твоето царство, да биде Твојата волја, како во небото така и на земјата; нашиот насушен леб, дај ни го денес; и простини ги нашите долгови, како што и ние им ги проштаваме на нашите долвници; и не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот.“ (Матеј 6:9-13)**



A Gateway to World Missions
churchstarts.com

6. Каква идеја наоќаме во оваа молитва?

☐ Треба да Му зборуваме на Бог како на наш татко.
☐ Треба веднаш да почнеме да ги представуваме нашите барања.
☐ Треба да ја разбереме силата на молитвата, како и славата и светоста на Бог.
☐ Треба да Го замолиме да владее со сè во нашиот живот, како и нашите срца.
☐ Треба да се молиме сè да се одвива по Неговата волја.
☐ Не треба да бараме материјални работи, како: храна, облека, покрив над главата.
☐ Треба да Го молиме Бог да ни прости.
☐ Треба и ние да им простуваме на оние, кои не навредиле.
☐ Треба да Го молиме да не пази од искушенијата на ѓаволот.

Во овој пример Исус ни кажува дека Бог ќе ни прости во иста „мера“, со којаи ние сме „мереле“, кога сме простувале на оние, што згрешиле против нас. Тоа е еден услов за успешна молитва. Другиот услов е: Бог да не очисти од гревот, кој ни пречи на нашите взаимоодноси со Него.Бог му зборува и на непокорниот израелски народ. **„Не, не е прекратка Господната рака за да спаси, ниту увото Му заглувна за да не чуе, туку вашите беззаконија создадоа разделба, меѓу вас и вашиот Бог. Вашите гревови го сокрија Неговото лице, и Тој веќе не слуша.“ (Исаија 59:1-2)**

7. Каква е пораката, што Бог ја испраќа кон грешните луѓе?

☐ Божјата рака е секогаш силна и може да спасува.
☐ Луѓето никогаш не треба да си мислат, дека Бог престанал да слуша.
☐ Гревот на луѓето не Го интересира на Бога.
☐ Гревот на луѓето Го тера Бога да го заврти Своето лице од нив, та дури и да не ги слуша нивните молитви.

Што треба да правиме секој ден во однос на нашите гревови? Јован ни кажува: **„Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовитеи да нè очисти од секоја неправда.“ (1 Јован 1:9)**

8. Што е тоа, што ни го кажува Јован, што треба да го направиме, за да ни бидат простени нашите гревови и нашата духовна состојба да биде таква, за Бог да ги слуша нашите молитви и да дава одговор за нив?

Ќе завршиме со големото ветување, што Исус го даде за молитвата: **„Досега ништо не баравте во Мое име; барајте и ќе добиете, за да биде вашата радост полна.“ (Јован 16:24)**

## Да ги користам своите духовни дарби

Кога се обрати, Бог направил многу работи во твојот живот. Тоа се: спасение, живот во тебе и запечатувања со Светиот Дух, што ти дава право да бидеш дел од вечното наследство заедно со Исус, како и многу други работи. Бог сака секое Негово дете да биде дел од духовното семејство на црквата, затоа Тој ти покажал црква, во која и ти да се присоединиш. Тоа е така уште од самиот почеток: **„А секој ден, Господ ги додаваше оние, кои се спасуваа.“ (Дела 2:47 б)** Денес се случува истото!

**Дарови, кои ги добиваме од Светиот Дух.**

Кога се спасуваме и се присоединима кон дадена црква, и кога Светиот Дух започнува да живее во нас, Тој ни дава специјални дарби, кои да ги оползотвориме во црквата. Тоа се способности, кои имаат за цел да го изградуваат духовното семејство. Истовремено Тој дава духовни дарби и на други членови на црквата, кои ќе ни помагаат нам. Апостол Павле јасно го објаснува тоа: **„Зашто, како што во едно тело имаме многу членови, а сите членови намаат иста служба. Така и ние, мнозината, сме едно тело во Христа, а како поединци членови сме еден на друг.“ (Римјани 12:4-5)**



1. Разговарајте за тоа како може да се спореди човечкото тело со црквата.

2. Ваше мислење: Зошто различните делови на човечкото тело се различни? Во каква смисла сите тие им „припаѓаат“ на другите делови на истиот организам?

Апоостол Павле продолжува и кажува, дека сите ние сме важни делови на црквата и како ние можеме и треба да работиме заедно: **„И имаме разни дарби, според дадената ни благодат.“ (Римјани 12:6а)**

3. Што можеме да разбереме за нашите духовни дарби/

- ☐ Луѓето во црквата се разликуваат во нивните дарби.
- ☐ Дарбите не се заслужени, ти се дар од Бога, според Неговата благодат.
- ☐ Дарбите можат да се спечелат и се даваат на оние, кои најмогу ги заслужуваат.



**„Ако е пророштво, нека е согласно со верата! Ако е служење нека служи! Ако е некјој учител нека поучува! Кој има дара за утеха нека утешува! Кој раздава, нека дава богато! Кој управува, нека биде ревностен! Кој покажува милост, нека го прави тоа весело!“ (Римјани 12: 6б-8)**

4. Одбележете ги седумте дарби покажани во оваа група. Кои од нив ги гледате во членовите на вашата група?

5. Што ни кажува апостол Павле дека треба да правиме со духовните дарби?

- ☐ На Бог не Го интересира тоа, дали ние ќе ги коридтиме или не.
- ☐ Треба да служиме на другите според дарбта или дарбите, кои ни се дадени.
- ☐ Треба да ги користиме нашите дарби максимално најдобро.



Има неколку текста во Новиот завет, кои зборуваат за духовните дарби, кои се дадени на секој христијанин. Се споменати најмалку 22 различни дарби. Само Исус Христос ги имеше сите нив наеднаш. Секој христијанин има барем една таква дарба, а некои и повеќе. Тие дарби ги дава Светиот Дух, Кој живее во вас и во секој христијанин. Дарбите се разликуваат од нашиот талент, кој го имаме како наследство, но можат да бидат сврзани во нивната употреба. На пример: Човек може да има талент да биде добар оратор. Но единстено Светиот Дух може да направи од него „пророк“ човек, кој проповеда, или со други зборови, зборува во името на Бог.

Апостол Петар се согласува со апостол Павле за духовните дарби. Тој пишува: **„Бидејќе секој од вас добил дар, служете си со него еден на друг, како добри домоуправители на многукратната Божја благодат. Ако некој говори, нека зборува како Божји зборови; ако некој служи, нека служи како по силата, која Бог ја дава, за да се слави во сè Бог преку Исуса Христа, Кому Му припаѓаат славата и силата во сите векови. Амин.“ (1 Петар 4:10-11)**

6. Што ни кажува Петар за нашите духовни дарби?

- ☐ Нашата лична служба треба да се базира на дарбите, кои ни се дадени.
- ☐ Духовните дарби ни се дадени за да можеме да им служиме на другите.
- ☐ Ние не ги поседуваме но ги управуваме различните дарби, кои Бог ни ги дал.
- ☐ Духовните дарби се наши, така да моижеме да правиме со нив сè што ќе посакаме, најмногу за лична корист.
- ☐ Кога ги користиме нашите духовни дарби треба да бидеме наполно убедени во силата на Бога.

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

## **Како да разбереме кои се нашите духовни дарби?**

Библијата на ни кажува точно како да ги познаеме нашите духовни дарби. Тие во еден момен стануваат јасни за нас и за дугите, кога растеме во познавањето на Бог и во службата. Во 1 Коринтјани од 12 до 14 глава, апостол Павле пише многу за дарбите и посочува некои од нив. Тој силно наблегнува на тоа, дека духовните дарби треба да се користат во служба кон другите, како и дека некои дарби се поважни од други. Најголемата дарба; пишува тој во 1 Коринтјани 13 глава, е дарбата на Христовата љубов во нашите срца.



Еве некои практични совети како да ги разпознаваме духовните дарби:

1. Поради тоа што тие се благослов од Бог, ние секогаш се радуваме кога ги користиме. На пример: Човек, кој има дарба да служи, навистина сака да го прави тоа. Такви луѓе се сред првите, кои доаѓаат на помош со сѐ, што можат. Човек, кој ја има дарбата да пророкува (да зборува во името на Бог), ја искористува секоја возможност да зборува. Симон Петар, кој постана голем проповедник, секогаш беше меѓу првите, кои го дигаа својот глас во групата на апостолите.

2. Вашите пријатели или духовното семејство можат да ви помогнат, ако ви кажат какви специјални дарби или умешност виделе во вашиот живот. Самите вие ќе ги забележите повеќето од нив.

3. Можете да пробате различни служби, каде што има потреба од вашата помош. Духовните дарби се развиваат преку нивната активна употреба. Повеќето христијани ја имаат дарбата да поучуваат, ако им бидат најдени потребните матерјали за да се подготват. Колку повеќе поучуваат, толку подобри стануваат во тоа. Ако пробате дадена служба но не се чувствувате благословени од него, и мислите дека не сте благослов за другите, најдете нешто друго во кое да се чувствувате покорисен. Не прифаќајте долгосрочни одговорности, во кои ниту вие, ниту другите нема да се чувствувате благословени, и кои ќе ви донесат само главоболија. Подобро побарајте служба во која и вие лично да растете и да ги чувствувате Божјите благословенија во вашиот живот.

## **Наградата за верната служба.**

Духовните дарби се многу важни, но не треба да заборавате, дека тие се само едно средство, кое Бог ви го дал за да служите на другите.Секој христијанин е „спасен за да служи“, и точно тоа Бог го очекува од вас. Тој ве одкупи со Неговата Собствена крв и ве повика кон служба. Вие доброволно сте Го прифатиле за Господ. И сега вашата цел е да му служите по најдориот начин.

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com



Во 25 глава на Евангелието според Матеј, Исус раскажува една пословица, за еден господар, кој оставил голема сума пари на тројца свои слуги, за да спечелат нешто со неа. Двајца од нив биле верни во тоа, а третиот ги сокрил опарите и потоа му ги вратил на својот господар, без да направи никаква печалба од нив. Да видиме што кажува господарот на еден од неговите верни слуги: **„По долго време, дојде господарот на тие слуги и ја прегледа сметката со нив. И кога пристапи оној, кој примил пет таланти, донесе други пет таланти и рече: `Господаре, ми предаде пет таланти, а еве, јас спешелив и други пет.` Тогаш неговиот господар му рече: `Добро сакан и верен слуго! Си бил верен во малку, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар!`“ (Матеј 25:19-21)**



7. Што сака Исус да каже со овој дел од пословицата?

- ☐ Еден ден Господ ќе дојде и ќе ни бара извештај, за тоа како сме го живееле нашиот живот и како сме ги користеле духовните дарби, кои Тој ни ги дал.
- ☐ Господ не се грижи за тоа дали ние сме верни кога Му служиме.
- ☐ Господ ќе се радува, ако со својот живот, ние сме донеле некаква полза за Него.
- ☐ Ако сме верни да ги користме добро дарбите, кои сме ги добиле, Господ ќе ни даде многу привилегии во вечноста.
- ☐ И ини и Господ ќе се радува кога работиме за Него тука на земјата.

## Да бидам успешен служител

Многу луѓе мислат дека Бог се интересира само со вечноста и се занимава само со духот на човекот, и нема никаков однос према нашето физичка, финансиска и материјална благосостојба. Со ова тие прават една голема грешка Бог сака да не благословува и да не користи. Како во физички, финансиски и материјален аспект, така и духовно.



**Ветените благослови на Бог**

Исус кажа: **„Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно.“ (Јован 10:10б)**

1. Мислење: Што кажува Исус со ова ветување?

☐ Зборува за животот од сите негови страни.
☐ Зборува само за вечниот живот.
☐ Неговата цел е не само да имаме живот во Него, но тој живот да биде вистински.

Апостол Павле имаше голема увереност, дека Бог има желба и способност да одговара на потребите на своите луѓе. Тој пишува до христијаните во Филипи: **„А мојот Бог ќе ја исполни секоја ваша потреба, според Своието богатство во Исуса Христа.“ (Филипјани 4:19)**

2. Според зборовите на апостол Павле што ќе направи Бог за своите луѓе?

☐ Ќе одговори само на нивните духовни потреби.
☐ Ќе ги исполни сите потреби.
☐ Им ветил не само дека ќе им ги исполни потребите, но дека ќе им даде сè што ќе посакаат.
☐ Тоа ветување се базира на Неговите богатства, дадени преку Исус Христос.

**Сè Му припаѓа на Бог.**

Бог ја има способноста да ја прифати секоја потреба, зашто сè Му припаѓа: **„Златото е Мое, среброто е Мое зборува Господ над Воинствата.“ (Агеј 2:8)**



Тоа исто така означува, дека на Господ Му припаѓа сè што е наше. Тојги поседува нашите тела, нашиот живот, нашите семејства, нашата сопственост. Сè е Негово, зашто Тој го создаде светот, и освен тоа Тој е и сопственик по закон, зашто го откупи на крстот. Апостол Петар пишува: **„Знаејќи дека не сте откупени со распадливи нешта, со сребро или со злато, од својот суетен живот што ви е предаден од вашите татковци, туку со скапоцената крв на Христа, како невино и чисто Јагне.“ (1 Петар 1 :18-19)**



Животот е празен ако се живее во грев, себичност и одделеност од Бог. Крвната жртва на Христос, нè спаси од тој живот и нè направи целосно Негови. Затоа Го нарекуваме „Господ“, зашто не одкупи и сега сме Негови.

Апостол Павле многу јасно ја покажува таа идеја со зборовите: **2Зашто скапо сте купени. И така прославете Го Бога во своето тело.“ (1 Коринтјани 6: 20)**

3. Апостол Павле ни кажува:

☐ Ние сме купени не припаѓаме повеќе на себеси.
☐ Слободни сме да живееме како што сакаме.
☐ Треба да Го почитуваме Бога со нашите тела.

4. Мислење: Како можеме да Го почитуваме Бог со нашите тела?

☐ Кога Му служиме во пракса.
☐ Кога се вардиме од сексуална нечистотија.
☐ Кога ја заработуваме нашата прехрана и се грижиме за нашето семејство.
☐ Кога Му пееме на Бога и Го прославуваме со нашите гласови.
☐ Кога пиеме алкохол, пушиме и се дрогираме.
☐ Кога се грижиме за нашето здравје најдобро, што можеме.

**Ти си управник на Божјата сопственост.**

Ако Бог поседува сè, тогаш очевидно ние не поседуваме ништо. Што станува со работите, за кои сме мислеле дека се наши? На многу места Библијата ни кажува дека ние сме „администратори“ или „управници“ на она, кое го имаме. Ние сме луѓето, кои одговараме за работите, кои Бог ни ги оставил на наша одговорност. И апостол Павле пишува: **„А од управителите натаму се бара секој да се покаже верен.“ (1 Коринтјани 4:2)**

CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

5. Мислење: Според вас што означува да се биде „одговорен“ или „управител“ за работите, кои Бог ни ги дал?

☐ Ние не поседуваме ништо.
☐ Ние сме одговорни за тоа, што правиме со нив.
☐ Можеме да правиме со нив сѐ што ќе посакаме.
☐ Треба да сме верни и да се грижиме за нив на начин, угоден на Бог нивниот вистински сопственик.

Да бидеме одговорници за Бог е голема привилегија и благослов. Тоа значе дека нашиот материјален и финансиски живот Му припаѓа на Бог, и кога навистина го разбереме тоа, Тој ќе ја прифати полната одговорност за нашата благосостојба. Бог се грижи многу добро за сѐ што му припаѓа. Другата алтернатива е: да живееме како порано, да Го тргнеме Бог од нашиот живот и да ја прифатима одговорноста за нашиот живот. Нормално е да се грижиме за неопходните работи во нашиот живот, но Исус кажа: **„Но барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сѐ тоа ќе ви се додаде. (Матеј 6:33)**

6. Мислење: Мислам дека Исус кажа...

☐ Дека мојата глвна грижа е да Го сакам Бог и да Му склужам со целото срце.
☐ Подобро да се грижам за моите интереси, пред да мислам што сака Бог.
☐ Дека Бог ги наградува оние, чија основна цел е да Му служат и им ги дава работите, од кои имаат потреба.

7. Мислење: Како мислите дека Бог ќе ги исполни вашите потреби?

☐ Нема да има потреба повеќе да работам.
☐ Бог ќе ми даде успех во работата.
☐ Бог ќе ме води и благословува ако живеам за Него.

## <u>Испитот и ветувањето на десетокот</u>

Лесно е да кажеме, дека сѐ што имаме Му припаѓа на Господа и сѐ што правиме е за Него. Тоа може да е вистина а може и да не е вистина. Бог ни дал тест, преку кој ние можеме да ја провериме нашата искреност, кој истовремено е и едно големо ветување. Од Авраам, Божјиот народа давал за Бога десеток (10%) од својот доход како знак за својата искреност во службата и како собирање на средства за Божјото дело тука на земјата. Ето го ветувањето, кое Бог го дава на оние, кои Му го даваат својот десеток. **„Донесете ги сите десетоци во ризницата, за да има храна во Мојот Дом. Тогаш испитајте Ме зборува Господ над Војските не ќе ли ви ги отворам небесните**



CHURCH STARTS INTERNATIONAL
A Gateway to World Missions
churchstarts.com

**брани и не ќе ли излеам врз вас благослов со полна мерка.“ (Малахија 3:10)**

8. Мислење: Што означува за тебе овој стих?

☐ Само 10% од сите мои приходи Му припаѓаат на Бог.
☐ Сѐ што заработува Му припаѓа на Бог, но треба да Му дадам барем 10%, за „храна во Неговиот Дом“.
☐ Бог е гладен и ние треба да Го нахраниме.
☐ Божјиот Дом е црквата, каде што Бог сака да ги „нахраниме“ сите, кои ќе дојдат.
☐ Божјото дело треба да биде финансирано, за да ги исполниме на потребите на оние, кои доаѓаат.
☐ Десетокот е еднакво одценет во очите на Бога, независно дали доаѓа од мал или голем доход.
☐ Бог им ветува секакви благослови на оние, кои имаат вера да даваат десеток.
☐ Бог ветува дека ќе го направи милионер секој, кој давадесеток.

Завршете го нашето проучување со еден практичен совет, што го дава апостол Павле за тоа како да даваме за Бога. Помнете го ова: **„А ова го велам: кој сее скржаво, скржаво и ќе жнее; кој сее во благослов, во блсгослов и ќе жнее! Секој нека да даде како што одлучилво срцето а не со жал и не од принуда, зашто Бог го љуби радосниот дарител.“ (2 Коринтјани 9:6-7)**

Давањето, како и нашиот живот, е добар критериум за тоа, до колку навистина Го прифаќаме Бог за Господар на нашиот живот.

